Врз основа на член 12 став 3 од Законот за процена („Службен весник на Република Македонија“ бр.115/10, 158/11 и 185/11), министерот за информатичко општество и администрација донесе

# ПРОГРАМА ЗА ПОЛАГАЊЕ НА СТРУЧЕН ИСПИТ ЗА ПРОЦЕНУВАЧ ЗА ПРОЦЕНА НА ВРЕДНОСТА НА ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА

Член 1

Со оваа програма, се пропишуваат темите за кои се полага стручен испит за проценувач за процена на вредноста на информатичка технологија.

Член 2

Програмата за полагање стручен испит за проценувач за процена на вредноста на информатичка технологија се состои од следните теми:

1. Закон за процена
   1.1. Преглед на постапка за станување проценител
   1.2. Професионална етика
2. Видови на средства во информатичката технологија
   2.1. Опсег на процена
   2.1. Категории на средства во информатичка технологија
      2.1.1. Техничка инфраструктура
         2.1.1.1. Хардвер, како подгрупа од техничката инфраструктурата
            а) Компјутерски платформи
            б) Телекомуникациски (мрежни) платформи
         2.1.1.2. Софтвер, како подгрупа од техничката инфраструктурата
            а) Системски софтвер
            б) Софтвер за управување со податоци (Database)
            в) Основен апликативен софтвер (софтверски алатки)
      2.1.2. Информациски системи
         2.1.2.1. Апликациски информациски систем, како подгрупа од информациски системи
            а) Систем за обработка на трансакции
            б) Систем за поддршка при одлучување/систем за управување со информации

в) Web локациите

г) Податоци

д) Деловни функционалности

2.1.3. Управување со информатички технологии

2.1.3.1. Организација, управување и процеси

2.1.3.2. Човечки ресурси во ИТ

2.2. Применливост на информатичките средства при процена

3. Пристапи и методи на процена

3.1. Методи на процена на информатичките средства

3.2. Метод на директна (непосредна) пазарна споредба

3.2.1. Употреба на коефициенти на процена

3.3. Приходни методи

3.3.1. Методи на капитализација на доходот

а) Техника на дисконтирање на идните готовинските текови

3.3.2. Метода на ослободување од надомест за плаќање за користење на авторски права (набавка и одржување) на лиценциран софтвер

3.3.3. Метода на премиум добивка или позната како метода на инкрементални приходи

3.3.4. Метода на екстра заработувачка

3.4. Методи на трошоци на замена (Трошочен пристап)

4. Потребни податоци и информации за процената

4.1. Проектирани финансиски информации

4.2. Цени од споредливи трансакции на исти или слични информатички средства

4.3. Надомест за лиценциран софтвер

4.4. Премиум добивка

4.5. Дисконтни стапки

4.6. Коефициенти на капитализација

4.7. Трошок за замена

5. Избор на методи за процена

6. Извештај за процена на информатичката технологија

Член 2

Литературата за подготовка за полагање на стручниот испит за проценувач за процена на информатичка технологија е дадена во Прилог кој е составен дел на оваа програма.

Член 3

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 14/2-1109/2
02.03.2012 година
Скопје

Министер за информатичко општество
и администрација,
**м-р Иво Ивановски,** с.р.

**Прилог:**

Стручна литература за подготовка на стручниот испит:

- Закон за процена („Службен весник на Република Македонија“ број бр.115/10, 158/11 и 185/11)
- Методологија за процена на вредноста на информатичка технологија („Службен весник на Република Македонија“ број 177/11)
- Финансиски менаџмент, Сашо Арсов, Економски факултет Скопје, 2007